Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-77/6
Датум: 30-03-2022

Постапувајќи по претставка бр.08-77/1 од 01.02.2022 година поднесена од [redacted] од Битола, против Управата за водење на матичните книги при МВР Битола, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 25.03.2022 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** по основ на етничка припадност, во областа на пристап до јавни добра и услуги сторена од страна на Управата за водење на матичните книги при МВР Битола кон [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за Спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-77/1 од 01.02.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација по основ на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги од страна на Управата за водење на матичните книги при МВР Битола.

Во претставката подносителот наведува дека има потреба од издавање на извод од матичната книга на родени, бидејќи за време на спроведениот попис во Република Северна Македонија, истиот се произнел како Грк. За издавање на соодветниот документ, подносителот бил упатен до Управата за водење на матичните книги во Битола, од каде му било одговорено дека таквото барање не може да се оствари.

Имајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.02.2022 година испрати Известување бр. 08-77/3 за произнесување кон наводите од претставката до Државниот завод за статистика, како потенцијални дискриминатори.

Со оглед на фактот што Државниот завод за статистика беше одговорната институција за спроведувањето на пописот на населението во Република Северна Македонија во 2021 година, Комисијата се обрати со цел добивање на информации околу тоа дали може лицата кои се попишани во извршениот попис во 2021 година да остварат право

Македонија со Законот за ратификација на Европската конвенција за државјанство (Службен весник на Република Северна Македонија бр.13/2002 од 18.02.2002), во која е наведено дека државјанството ја означува правната врска помеѓу поединецот и државата, но не претставува индикатор на неговото етничко потекло.

Дотолку повеќе, согласно Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија и согласно Законот за заштита на личните податоци,
споделувањето на информациите собрани за време на пописот на населението е спротивно на јавниот интерес на Република Северна Македонија.

Во конкретниот случај, поради непостоењето на можноста за издавање на документ со кој се потврдува етничката припадност на определено лице и со тоа неможноста за добивање на таква услуга од страна на Управата за водење на матичните книги - Битола, не станува збор за извршување на дискриминација врз подносителот на претставката.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Управата за водење на матичните книги при МВР Битола врз лицето [redacted]

Скопје
30.03.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]
- Управа за водење на матичните книги – Битола, со адреса на ул. „Столарска“ бр.3, 7000 Битола